Архивски број:17 - 4602/2

Датум:18.06.2026 година

24 -06- 2026

До: ..Визија „Кавадарци

Предмет: Известување

Во врска со доставеното барање за финансиска и институционална поддршка за советувалиштето и сервисите за поддршка на жртви на семејно и родово базирано насилство во Тиквешкиот регион, Ве известуваме за следново:

Министерството за социјална политика, демографија и млади врши финансирање на лиценцирани даватели на социјални услуги преку управни договори, кои се склучуваат по спроведена постапка по јавен оглас.

Јавните огласи се објавуваат редовно и се отворени за сите лиценцирани даватели на социјални услуги. За учество во постапката, заинтересираните субјекти поднесуваат комплетна документација во согласност со условите, постапката и критериумите утврдени во самиот оглас. По евалуацијата и изборот, со избраните даватели се склучуваат управни договори со кои детално се уредуваат правата и обврските поврзани со обезбедувањето и финансирањето на услугите.

Имајќи ја предвид важноста на Вашата иницијатива за Тиквешкиот регион, силно Ве поттикнуваме да ја следите нашата веб-страница и во следна прилика да аплицирате на јавните огласи, со цел заеднички да придонесеме кон унапредување на поддршката и достапноста на оваа услуга за жртвите на родово базирано насилство.

Со почит,

Министер

Fatmir Limani

Изработил: Љ.Љубиновска, советник
Контролирал :м-р Л.Штерјов, Раководител на одделение
Одобрил: К. Мустафа,,помРаководител на сектор
Согласен: Fatmir Sabriu, Државен секретар

Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕР... ...ОНИЈА
REPUBLIKA E MAQED... ...SERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИ... ...ТИКА,
ДЕМОГРАФИЈА И МЛ...
MINISTRIA E POLITIKË...
DEMOGRAFISË DHE ETË...
Примено
E Pranuar
24 -06- 2026
Број
Numër
17-4602/1



До: Министерство за социјална политика демографија и млади

Предмет: Барање за финансиска и институционална поддршка на советувалишта и сервиси за поддршка на жртви на семејно и родово базирано насилство во Тиквешкиот Регион

Почитувани,

Здружението за родова еднаквост „Визија" Кавадарци како давател на социјални услуги и оператор на Регионалниот советувалиштен центар за жени и деца жртви на семејно и родово базирано насилтво, се обраќаме со барање за обезбедување финансиска и институционална поддршка за понатамошно функционирање и развој на постојните и развој на нови сервиси за поддршка на Тиквешкиот регион.

Регионалниот советувалиштен Центар за жртви на семејно насилство обезбедува бесплатна правна помош, психосоцијална поддршка, психотерапевтско советување, информирање и упатување на жртвите кон надлежните институции, со што претставува значаен механизам за заштита и поддршка на граѓаните од општините Кавадарци, Неготино, Демир Капија и Росоман.

Имајќи ја предвид зголемената потреба од ваков вид услуги, како и потребата од нивна одржливост и унапредување, Ве молиме да ја разгледате можноста за:

- Обезбедување финансиска поддршка за континуирано функционирање на советувалиштата и сервисите за поддршка на жртви на семејно и родово базирано насилство
- Институционална поддршка за развој и проширување на услугите
- Вклучување на локалните сервиси во националните програми и политики за заштита и поддршка на жртвите
- Зајакнување на меѓусекторската соработка помеѓу институциите и граѓанските организации кои работат во оваа област
- Можност за изработка на конкретен план за отворање на засолниште за долгорочен престој на жртви на семејно насилство во Тиквешкиот регион

Воедно, предлагаме организирање на работна средба во Кавадарци на која би учествувале претставници на Министерството за демографија и млади, Центарот за социјална работа, претставници на локалните самоуправи и граѓанските организации кои сервисираат социјални услуги. Целта на средбата би била унапредување на меѓусекторската соработка, промовирање на достапните социјални услуги и подобра координација на поддршката за жртвите на семејно и родово базирано насилство.

Сметаме дека обезбедувањето континуирана поддршка за жртвите на насилство претставува заедничка одговорност на државните институции, локалните самоуправи и граѓанскиот сектор.

Ве известуваме и дека Здружението „Визија", како членка на редакцијата на медиумот на заедницата *Локал Аџенс Вардар*, изработи истражувачка сторија во која пошироко е анализиран пробивот на целосна поддршка со кој се соочуваат жртвите на семејно насилство во Тиквешкиот регион. Сторијата на тема „ Стотици жртви на семејно насилство, а ниту едно засолниште во Тиквешкиот Регион" можете да ја најдете на овој линк. Барањата кои ги упатуваме до вас со овој допис произлегоа од истражувањето што авторките на текстот го спровеле во рамки на сторијата.

Веруваме дека преку заедничка соработка ќе придонесеме кон поефикасна заштита на жртвите, унапредување на квалитетот на услугите и создавање на посигурна и поддржувачка средина.

Датум: 12.06.2026

Со почит,
Претседателка на
Здружението за родова еднаквост „Визија" Кавадарци
Благица Коцева Јорданова